**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ**

**Предмет: Информација за медиуми по повод Светскиот ден за борба против карциномот, 04 февруари 2016 година**

**Светскиот ден за борба против карциномот оваа година се спроведува под слоганот “Ние можеме, јас можам” и** повикува на активно вклучување на поединците, заедницата, и надлежните институции со цел превенција и намалување на последиците од појавата на карциномите.

Кампањата се фокусира на информирање и едукација за зголемена свесноста за превенција од карцином; обезбедување на соодветен пристап до здравствените услуги; обезбедување здрава животна средина; и да се повикување за унапредување на политиките по однос на ова прашање.

**Една од областите во кампањата за 2015 година е обезбедување на пристап до здравствените услуги, а клучна улога во борбата против карциномот претставуваат превентивните здравствени услуги.** Имено според Светската декларација за карцином, секоја земја треба да обезбеди скрининг на населението за рана детекција на карциномите за кои постојат скрининг методи, вклучувајќи ги и карциномот на ракот на грлото на матката и карциномот на дојката. Со воведување на овие методи значително се намалува стапката на смртност.

**Во Р. Македонија во просек годишно од карцином на дојка умираат околу 280 жени, а од карцином на грло на матка умираат околу 30 жени, и покрај тоа што двата вида на карцином можат навремено да се откријат и излекуваат.**

Владата на РМ секоја година усвојува Програма за рана детекција на малигни заболувања во која од 2012 година до сега вклучува организиран скрининг на карцином на грло на матка, а од 2011 година организиран скрининг на карцином на дојка.

Наодите покажуваат дека со скринингот на карцином на грло на матка во периодот од 2012 до 2014 година се опфатени само 11% од целната популација на жени (жени на возраст од 24 до 60 години). Додека скринингот на карцином на дојка за прв пат почна да се спроведува во 2015 година и со истиот се опфатени 2% од целната популација на жени (жени на возраст над 50 години).

Ниското ниво на опфат на жените со програмите за скрининг е резултат на повеќе утврдени проблеми.

**Па така недоволниот опфат на жените со Програмата за скрининг на карцином на грлото на матката е резултат на: низок е планираниот опфат на жени со Програмата (само 25% од целната популација на жени секоја година); буџетот на Програмата е ист секоја година и редовно во текот на годината се намалува (на пример: во 2015 година буџетот е намален за 15%); недоволен број на матични гинеколози во примарната здравствена заштита (во Р. Македонија недостигаат околу 150 матични гинеколози); не се спроведуваат**

**информативни и едукативни кампањи од страна на државата за информирање на жените за потребата од редовен ПАП тест и за правата кои произлегуваат од Програмата; некоординираност меѓу институциите извршители на скрининг програмата; непостоење на електронски систем за евиденција и евалуација на резултатите од скринингот.**

**Во однос на Програмата за скрининг на карцином на дојка, истата започна за прв пат да се спроведува во 2015 година, иако од 2011 до 2014 година истата се усвојуваше и се алоцираа буџетски средства. Во 2015 година Министерството за здравство за спроведување на овој скрининг потрошило само 58% од вкупно издвоените средства**

Овие податоци говорат дека Министерството за здравство не успева во целост да ги реализира активностите предвидени со Програмите за скрининг. Поради тоа ги повикуваме надлежните институции да одвојат доволно средства и да предвидат активности за скрининг на карцином на дојка и на карцином на грло на матка соодветни на потребите со што би се намалила стапката на смртност од овие карциноми и би се унапредило здравјето и квалитетот на животот на жените.

За повеќе информации во однос на детектираните проблеми и конкретните предлог мерки за унапредување на спроведување на Програмите за скрининг можете да најдете во документите на Здружение ЕСЕ[1] кои Ви ги испраќаме во прилог.




[1] Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ повеќе од 20 години работи на полето на унапредување на здравјето и здравствената заштита на жените во Р. Македонија, со посебен фокус на ранливите категории на жени.

Од 2012 години започнавме со мониторинг на спроведувањето на активностите и буџетот од Програмата за рана детекција на малигни заболувања, со осврт на двете компоненти кои се однесуваат на унапредување на здравјето на жените: скрининг на карцином на грло на матка и скрининг на карцином на дојка. Активностите за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на Програмата за рана детекција на малигни заболувања ги спроведуваме со цел да промовираме и обезбедиме достапност на мерките предвидени со оваа Програма за жените воопшти, со посебен фокус на ранливите категории на жени.